Врз основа на член 30 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард (“Службен весник на Република Македонија” број 37/98 и 40/03) и Решение број 16 - 4383/1 од 18.06.2009 година, **МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**, распишува

# К О Н К У Р С

## за прием на студенти во државните студентски домови и други објекти за сместување во Република Македонија за студиската 2009/2010 година

Во студиската 2009/2010 година во државните студентски домови и други соодветни објекти за сместување во Република Македонија ќе се примаат редовни студенти од универзитетите во Република Македонија и тоа во:

| Реден број | СТУДЕНТСКИ ДОМ | ОПШТИНА | Број на легла |
|---|---|---|---|
| **1** | **СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР “СКОПЈЕ”** | **Скопје** | **3.077** |
| | - “Гоце Делчев” | | 1.115 |
| | - “Кузман Јосифовски Питу” | | 420 |
| | - “Стив Наумов” - машка зграда | | 489 |
| | - “Стив Наумов” - женска зграда | | 493 |
| | - “Невена Георгиева Дуња” - бараки | | 351 |
| **2** | **“ПЕЛАГОНИЈА”** | **Скопје** | **911** |
| **3** | **“ТОМЕ СТЕФАНОВСКИ СЕНИЌ”** | **Скопје** | **217** |
| **4** | **“КОЧО РАЦИН”** | **Битола** | **360** |
| **5** | **“НИКОЛА КАРЕВ”** | **Охрид** | **254** |
| **6** | **“ДОНЕ БОЖИНОВ”** | **Пробиштип** | **130** |
| **7** | **“ОРДЕ ЧОПЕЛА”** | **Прилеп** | **335** |
| **8** | **“БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ”** | **Штип** | **104** |
| **9** | **Приватен студентски дом “МАКЕДОНИЈА”** | **Штип** | **112** |
| | **СЕ ВКУПНО:** | | **5.500** |

Од вкупниот број расположиви места во студентските домови, комисијата обезбедува до 20 % од вкупните места за студенти кои за прв пат ќе бидат запишани на факултетите и високите школи, како и слободни места за студенти со македонско потекло од земјите на Балканскиот полуостров, студенти согласно Програмата ЦЕЕПУС, ТЕМПУС и други програми.

## I. УСЛОВИ ЗА ПРИЕМ

**I.1.** Право на прием имаат редовни студенти кои се школуваат надвор од местото на живеење и тоа:

1. Редовни студенти на факултети кои имаат помалку од осум семестри и не повторувале студиска година;

2. Редовни студенти на факултети кои имаат осум семестри и не повторувале повеќе од една студиска година;
3. Редовни студенти на факултети кои имаат над осум семестри и не повторувале повеќе од две студиски години;
4. Да се државјани на Република Македонија.

**I.2.** Студентите на кои им е изречена дисциплинска мерка исклучување (*отстранување*) од домот или имаат неподмирени долгови кон домот, немаат право на прием.

**I.3.** Студентите кај кои Комисијата за прием ќе констатира злоупотреба на добиеното легло, истото ќе им биде одземено и доделено на студент од листата на чекање за соодветниот дом.

## I I. НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Студентите кои се пријавуваат на Конкурсот треба да пополнат електронска пријава поставена на **интернет порталот** www.raspredelba.gov.mk.

**За студентите кои се пријавиле повеќе пати, за валидна ќе се смета последната пријава.**

Рок за пријавување на студентите од II година и повисоките студиски години почнува од 10.07.2009 година до 10.08.2009 година.

Рок за пријавување на студентите од I година почнува од 21.08.2009 година до 29.08.2009 година.

## I I I. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

Студентите, кои ги исполнуваат условите по конкурсот и се избрани на прелиминарната ранг-листа, потребно е да ги достават следните документи:

1. Потврда за успех и редовност во студирањето на студентот, како и индекс на увид;
2. Потврда за семејно-материјална положба на студентот, односно неговото семејство;
3. Потврда за редовност во учењето на учениците и студентите, членови на семејството;
4. Потврда за висината на последната исплатена нето месечна плата за секој член во семејството, за пензионери чек од последната пензија, за невработените потврда од соодветен орган, а за починат родител да се достави копија од извод на умрените и чек од семејна пензија;
5. Студентите – брачни другари, доставуваат копија од извод од матичната книга на венчани;
6. Изјава од родителот – старателот за целосно подмирување на трошоците за сместување и исхрана;
7. Новозапишаните студенти од 1 година, наместо потврда за успех и редовност (точка 1), да доставаат копии од свидителства за завршена I, II, III и IV средно образование;
8. Препис од уверението за државјанство на Република Македонија.

Горенаведените документи се доставуваат до Министерство за образование и наука, од 17.08.2009 година до 21.08.2009 година, а студентите од I година документите ги доставуваат од 01.09.2009 година до 04.09.2009 година.

## IV. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПРИЕМ НА СТУДЕНТИ

**IV.1.** Начинот и постапката за прием на студентите во студентските домови и други сместувачки капацитети, како и условите за сместување и исхрана се регулираат согласно Законот за ученичкиот и студентскиот стандард и Правилникот за начинот и постапката за прием на студентите во државните студентски домови.

Во согласност со правилникот за прием на студентите, успехот од средното образование, успехот во студирањето, редовноста во студирањето и семејно-материјалната положба на студентите се основните елементи за рангирање и прием на студентите во студентските домови.

**IV.2.** Прелиминарните резултати од конкурсот за студентите од II година и повисоките студиски години ќе бидат објавени на 13.08.2009 година на огласните табли во студентските домови каде конкурирал студентот и на **интернет порталот** **www.raspredelba.gov.mk.**

Приговор по резултатите се доставува до архивата на Министерството во рок од 5 дена од денот на објавувањето на резултатите.

Конечната ранг-листа ќе биде објавена на 27.08.2009 година на огласните табли во студентските домови каде што конкурирал студентот и на **интернет порталот** **www.raspredelba.gov.mk.**

Непополнетите места ќе се пополнуваат со студенти од листата на чекање, кои ги исполнуваат условите.

**IV.3.** Прелиминарните резултати од конкурсот за прием на студенти од I година ќе бидат објавени на 31.08.2009 година на огласните табли во студентските домови каде што конкурирал студентот и на **интернет порталот** **www.raspredelba.gov.mk.**

Приговор по резултатите се доставува во рок од 5 дена од денот на објавувањето на резултатите до архивата на министерството.

Конечната ранг-листа ќе биде објавена на 11.09.2009 година на огласните табли во студентските домови, за каде што конкурирал студентот и на **интернет порталот** **www.raspredelba.gov.mk.**

**IV.4.** Доколку се обезбедени соодветни услови, слободните места во студентските домови ќе може да се пополнат со ученици, редовно запишани во училиштата за средно образование надвор од местото на живеење.

## V. РОКОВИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Студентите од повисоките студиски години се вселуваат во студентските домови од 01.09.2009-10.09.2009 година.

Студентите од I година (бруцоши) се вселуваат во времето од 12.09.2009-15.09.2009 година.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**